

Откривањето на локалитетот „Та-ти-ќев Камен“ во 2001 год. ни пружи из-вон-редна можност да погледнеме во еден од потемните делови на праисто-ри-јата, како од хронолошки, така и од гео-графски аспект.

Во овој, североисточен дел на Р. Ма-кедонија, во кој многу малку од ре-гистрираните археолошки локалитети беа истражувани, локалитетот кај селото Кокино не восхити како из-вон-ре-ден извор од информации за животот и духовните достигнувања на брон-зе-нодопските жители од овој регион. Не-говото значење кое се должи на двојната употреба - како планинско све-тилиште и како мегалитска опсерваторија - е единствено на еден по-ши-рок простор и сведочи за постоење на една добро организирана заедница со ак-тивен духовен живот чии траги допираат до денешнината. Фактот дека ло-ка-литетот бил во употреба и како праис-ториска (мегалитска) опсерваторија фрли ново светло на праисториските жи-тели и нивното умеење да го по-доб-рат својот живот со организирани и сис-тематски астрономски набљудувања.

Добрата сочуваност на локалитетот до денешни дни, не` обврзува, со го--лема одговорност, за негова заштита во интерес на генерациите што доаѓаат.

Изложбата која ви ја претставуваме ги прикажува резултатите од досе-гаш-ни-те шестгодишни истражувања. Ду-хов-ната порака која блика од карпестиот врв над Кокино е силна и таква ќе остане. Она што го видовме и ис-тра--живме, го споделуваме со вас.

Има уште многу што треба да нау-чи-ме и сработиме. Екипата која го ис-тра-жува локалитетот чувствуваше об-врс-ка да ги презентира своите ис-тра-жу-вања и заклучоци пред пошироката публика и е благодарна за можноста да го стори тоа.

***Јовица Станковски***

***Директор на Н. У. Музеј Куманово***

## Кокино оживувајќи ги културните достигнувања од минатото

Археолошкиот локалитет „Татиќев Ка-мен“, денес повеќе познат како „Ме-га-лит-ска опсерваторија Кокино“ (според ас-трономските анализи кои ја потврдија неговата употреба како место од каде се следени и бележени ка-рак-те-рис-тич-ни-те позиции на изгревите на сонцето и месечината) се наоѓа во близина на селото Кокино, во рам-ки-те на општината Ста-ро Нагоричине, на око-лу 35 km североисточ-но од Куманово.

Локалитетот е сместен на еден висок нео-вулкански рид (1013 метри надморска височина) кој доминира над својата по-широка околина.

Ридот всушност е вулкански нек (оцврс-ната лава во изливниот канал на вул-канот), а карпите по својот геолошки сос-тав се ан-ден-зитни. Како резултат на стол-бестото ла-че-ње на лавата, тие ис-пу-кале хоризонтално и вертикално, создавајќи приближно коцкасти блокови на кои лесно може да се интервенира. Оваа осо-бина ја искористиле праисториските жи-тели за да создадат структури во функ-ција на планинско све-ти-лиште и оп-сер-ваторија.

Археолошките истражувања започнаа во 2001 год. кога, уште со првите откопи, беше еви-дентно дека се работи за локалитет исклучително богат со археолошки материјал. Ис-тражувањата продолжија и во наредните го-дини, при што се истражени околу 300 $m^2$ на три сектора: на највисокиот дел на ло-ка-литетот и на делови од северната и јужната падина.

Иако културните слоеви се релативно тенки во сите сектори (тие ретко преминуваат дебелина од 1 m), количината на археолошкиот материјал во нив е изобилна. Хронолошки, материјалот му припаѓа на бронзеното време (приближно II милениум п.н.е.), при што најстариот материјал е од неговата рана фаза (XIX - XVII век п.н.е.), а најброен е оној од доцното бронзено време.

Ископувањата во мај 2005 год., открија дел од стамбен објект на јужната падина на локалитетот кој според археолошкиот матери-јал му припаѓа на времето околу VII век п.н.е., т.е. на т.н. развиено железно време.

Материјалот од раното бронзено време е релативно малуброен и, се чини, целиот се наоѓа во структури кои имаат обреден карактер. Типолошки и хронолошки се врзуваат за т.н. културна група Бубањ - Хум III, која е дел од поширокиот Балканско - Подунавски комплекс на раното бронзено време. И покрај малубројноста на ранобронзенодопскиот материјал, може да се за-бе-ле-жат сличности со соседни културни групи: со Пе-лагонискaта (или Арменохори група) од ју-гозападна Македонија и групата Езеро во Тра-кија (Р. Бугарија). Сепак, најизразита е сличноста со керамиката од светилиштето на бронзенодопската населба на Пелинското гра-диште, само 7 km западно од нашиот ло-ка-литет.

Археолошкиот материјал кој би му при-па-ѓал на средното бронзено време (приб-лижно XVII - XIV п.н.е.) засега може тешко да се дефинира. Причина за тоа е природна-та ерозија и пореметената стратиграфија на ло-калитетот поради долгата употреба. Сос-тој-бата уште повеќе се усложнува од недоволната истраженост на целиот простор на Североисточна Македонија каде, освен мал-ку истражената населба на локалитетот „При-бовце“ на северната периферија на Ку-ма-ново, речиси да нема регистриран археолош-ки локалитет од тој период. Сепак, дел од материјалот, на основа на споредбите со ма-теријалот од Југоисточна Србија, Ју-го-за-пад-на Бугарија, а особено со сличноста со ма-те--ријалот од истовремените населби во долниот тек на реката Вардар може да се врзе за ова време.

Врз основа на досегашните истражувања, ло-калитетот бил најинтензивно во употреба во последните неколку века во вториот миле-ниум, во т.н. доцно бронзено време.

Во репертоарот на керамичките садови од ова време доминира утилитарната (т.н. „кујнска“ керамика) во која најбројни се чини-и-те и поголеми биконични амфороидни

садови.

Следни по застапеност се шољите, нај-чес-то со конусно, биконусно или топчесто те-ло и зарамнет венец на устата.

Кантаросовидните садови (пехари) имаат сред-ногруба фактура. Најчесто се со „S“ профилација и две дршки кои го надвишуваат венецот на устата.

Бројни се и фрагментите од лонци (обично со средно груба или груба фактура).

Фрагменти од питоси има релативно мал-ку. Сите се со груба фактура. Пронајдени се и повеќе фрагменти од лонци со ложиште, т.н. пираноi (pyraunoi).

Пирамидални тегови, хоризонтално про-дуп-чени во горниот дел, најчесто се сре-ќа-ваат во групации од неколку до повеќе од дес-ет примероци. Некои од нив имаат на-го-рени страни. Многу ретки се теговите во вид на пресечен конус. Теговите најчесто на врвот имаат вдлабнатинки изведени со отисок од прст.

Ископани се повеќе цели или фрагментирани рачни мелници. Сите се од андезит, или некои негов вариетет.

Останати наоди: неколку камени секири од андезитска лава, еден камен чекан, повеќе биконусни или кружни плочести преш-ле-ни, еден калап за лиење на бронзена секира и бронзен привезок - амулет, фрагментиран калап за лиење на бронзено копје, калап за лиење на ситни украсни предмети, фрагменти од камени ношчиња, камени острилки и др.

Сите овие наоди, иако некои со локални спе-цифичности, се среќаваат на еден по-ши-рок простор (централно - балкански, македонски и јужнотракиски) и се карак-те-рис-тич-ни за населбинското живеење во доцното бронзено време и преодниот

период кон ра-ното железно време. Кај дел од ке-ра-мич-ки-те форми еволутивниот развој може да се прати од раното и средно бронзено време во рамките на т.н. Пелагониска (или Ар-мен-хо-ри) група.

Најблиски паралели за керамичкиот ре-пер-тоар од доцното бронзено време на ло-ка-литетот „Татиќев Камен# се наоѓаат во доц-нобронзенодопскиот слој на Пелинското гра-диште и некрополата на локалитетот „Ди-мов Гроб“ (с. Уланци, Градско), како и во ма-те-ријалот од локалитетите на т.н. „Брњичка“ кул-турна група од басенот на Јужна Морава. Слич-на керамика се наоѓа и на истовреме-ни-те локалитети во Југозападна Бугарија, а осо-бено во населбите во долниот тек на ре-ка-та Вардар.

***Јовица Станковски***

***Директорна Н. У. Музеј Куманово***

## Култовите изведувани на локалитетот и Мегалитската опсерваторија

Некои топографски карактеристики на локалитетот (добра видливост од неговиот највисок дел до кој се стигнува по наклонета тераса огреана од сонцето) ја индицира неговата употреба како света планина на која биле изведувани, веројатно, повеќе планински религиозни обреди. Два од нив се идентификувани во текот на последните истражувања.

Едниот обред бил изведуван на ист начин ка-ко и на светилиштето на Пелинското гра-диш-те. Имено, во природни цепнатини во стените, понекогаш дооформени приближно круж-но во горниот дел, со камен, земја и гли-на, се оставани садови, или делови од нив. Садовите биле, веројатно, полни со да-ро-ви. Потоа ваквиот депозит бил затрупуван со земја и поситен камен. Околу отворот на дупката се редени камени плочи кои не по-текнуваат од локалитетот. Се ра-бо-ти веројатно за вегетативен култ кој требал да обез-беди плодност и богат род.

Вториот обред имал нагласено соларен ка-рактер. Имено, во средината на летото (де-нес во последниот ден на месец јули) сонцето, изгревајќи зад највисокиот маркер на локалитетот и поминувајќи низ вештачки направениот процеп во стените 20 - тина мет-ри подолу огревало, за кратко, само еден од учесниците во церемонијата кој седел на едно од седиштата изделкани во каменест блок на долната платформа на локалитетот. Тоа бил, веројатно, племенски-от старешина во улога на главен извршител на овој пла-нински обред кому сонцето, на овој начин, му го потврдувало легитимитетот на владетел и врховен свештеник. Об-ре-дот се однесу-ва на т.н. „свет брак“, т.е. на соединувањето на небеското божество - Сонцето, со Го-ле-мата Богинка - Мајка, персонифицирана ка-ко карпест планински врв, соединување кое гарантирало нов циклус на обнова на при-родата.

Истражувањата направени во 2002 год. ја потврдија употребата на највисокиот дел на локалитетот како древна опсерваторија од која се набљудувани и означувани со соодветни маркери изработени во стените карактеристичните позиции на сонцето и месечината. Содржините кои ги опфаќа опсерваторијата се наоѓаат на простор со должина (во правец запад - исток) од околу 90 метри и широчина од околу 50 метри. Овој простор опфаќа две платформи, западна и источна, со висинска разлика меѓу нив околу 15 метри. Западната платформа го содржи ансамблот на камени седишта (или прес-то-ли), како и посебно место од каде се вршени наб-људувањата на небесните тела. Горната, ис-точна платформа, веројатно служела за со-бирање на учесниците во некои од планинските обреди.

За да се разбере функцијата на опсерва-то-ријата треба да се потсетиме на фактот дека сонцето и полната месечина изгреваат на различни места на хоризонтот и дека во некои денови од годината имаат крајни точки на изгревање на него. Сонцето изгрева точно на исток а заоѓа точно на запад само во два дена во годината, на 21 март (ден на пролет-на-та рамнодневница) и на 23 септември (ден на есенската рамнодневница). Најголем отклон кон север (во однос на оската исток-за-пад) изгревот на сонцето постигнува на 21 ју-ни (ден на летната долгодневница), а кон југ на 22 декември (ден на зимската краткодневница). За овие карактеристични точки из-работени се посебни маркери во стените на источниот хоризонт, посматрано од централната позиција за набљудување на опсерваторијата. Од овие три маркери (еден за пролетната и есенската рамнодневница, еден за зимската краткодневница и еден за летната дол-годневница), само маркерот на летната дол-годневница е делумно сочуван.

Месечината има покомпликувано дви-же-ње и одбележувањето на изгревите на полната месечина на источниот хоризонт е доста теш-ко. Едноставно кажано, таа зиме се дви-жи на небото на места каде што сонцето при-видно се движи летно време, а летно вре-ме на местата на небото каде што тоа при-видно се движи во зима. Затоа, околу маркерите

на летната долгодневница и на зимс-ката краткодневница лево и десно од нив треба да се најдат камени маркери кои ги означуваат местата на изгревање на полната месечина во нејзините карактеристични екс-тремни позиции. Овие маркери се изра-бо-тени на локалитетот и се релативно добро со-чувани. При тоа, древните набљудувачи за-бележиле дека во ист календарски ден една иста фаза на месечината се појавува во ист маркер еднаш во 19 години.

Вака прецизниот календар давал мож-ност точно и рационално да се испланираат си-те земјоделски и сточарски работи, во сог-лас-ност со вистинските временски сезонски промени. Тој исто така сведочи за добрата организација на животот на праисториската заедница и нејзината духовна култура.

***ЈовицаСтанковски***

***Директор на Н. У. Музеј Куманово***